Уп. бр.08-50

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од ЕОН ТВ Интернационал Лтд со седиште на адреса Емануел Ксантоу 13, Македонитисса, Никозија 2415, Кипар, преку полномошник Божидар Милошевиќ, Адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 20.03.2024 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која ЕОН ТВ Интернационал Лтд со седиште на адреса Емануел Ксантоу 13, Македонитисса, Никозија 2415, Кипар, стекнува самостојна контрола над друштвото Елементал.ТВ ЕООД со седиште на адреса 122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМС2, Софија, Бугарија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 23.02.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на ЕОН ТВ Интернатионал Лтд со седиште на адреса Емануел Ксантоу 13, Македонитисса, Никозија 2415, Кипар, (во понатамошниот текст: ЕОН) со која ЕОН стекнува самостојна контрола над друштвото Елементал.ТВ ЕООД со седиште на адреса 122 Овче Поле, четврти кат, канцеларија ЕМС2, Софија, Бугарија (во понатамошниот текст: Елементал).

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**ЕОН** е во крајна сопственост на фондови советувани од БЦ Партнерс, меѓународен инвестициски фонд со седиште во Лондон. БЦ фондовите се исклучиво финансиски инвеститори, т.е. не се вклучени во секојдневното управување на компаниите во кои инвестираат, со кои управуваат сопствени одбори на директори.

БЦ Партнерс има регистрирано присуство во Република Северна Македонија преку следните индиректно зависни друштва:

- ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со регистрирано седиште на Булевар ВМРО бр. 3, Центар, Скопје, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација;

- ДИРЕЦТ МЕДИА ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Орце Николов 68/3, Центар, Скопје, кое се бави со дејности на агенција за маркетинг, односно со откуп и продажба на рекламен простор во печатени и електронски медиуми;

- УГИ ФИБЕР ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на бул. Партизански Одреди бр. 14, Центар, Скопје, Република Северна Македонија, кое се занимава со дејности на сателитска телекомуникација.

Исто така, на територијата на Република Северна Македонија, БЦ Партнерс, преку Јунајтед Груп, се присутни со обезбедување на следните услуги:

- телевизиски канали кои се емитуваат од страна на поврзани лица, односно реемитуваат од страна на локални оператори, вклучувајќи ги N1, Grand, Cinemania, Sport Klub, Fight Channel, Pikaboo, Vavoom, IDJTV, Lov i Ribolov, Brainz, Nova S итн. (Јунајтед Медиа (United Media));
- услуги за огласување (Дирецт Медиа (Direct Media), Кас Медиа (Cas Media));
- телекомуникациски услуги (ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје; минимални приходи на локалниот пазар остваруваат Србија Бродбенд – Српске кабловске мреже д.о.о. Белград (Serbia Broadband – Srpske kablovske mreže d.o.o. Beograd) и Телемах д.о.о. Љубљана (Telemach d.o.o. Ljubljana)).

БЦ Партнерс оствариле најголем дел од своите приходи во Република Северна Македонија во 2022 година (преку 95%) преку Јунајтед Груп, меѓутоа оствариле и одредени ограничени приходи преку други портфолио друштва: Springer Nature, Pharmathen и Keter.

Дополнително, Јунајтед Медиа е холдинг друштво, дел од потесната групација во состав на БЦ Партнерс – Јунајтед Груп (United Group), која обезбедува телекомуникациски и медиумски услуги во неколку држави во регионот. Јунајтед Медиа е друштво кое управува со медиумски услуги и услуги за огласување во рамките на групацијата, вклучувајќи производство и емитување на телевизиски канали, производство и набавка на програмски содржини и поврзани активности.

**Елементал** е дистрибутер на медиумски содржини преку ОТТ платформа од Софија. Онлајн ТВ-програмата што ја дистрибуира Елементал е првенствено наменета за корисниците во Република Бугарија, но бидејќи ОТТ платформата се следи преку интернет - програмата Елементал.ТВ може да се гледа на глобално ниво, при што треба да се има предвид дека програмата е генерално на бугарски јазик.

Елементал нема регистрирани зависни друштва, а во годината која претходи на концентрацијата има остварено занемарлив приход во Република Северна Македонија.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.
Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.
Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Ана Николоска**